Врз основа на член 8 став 3 точка б и став 5, член 18 став 1 алинеја 12 и член 20 став 1 алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), член 11 став 3 точка б и став 5, член 15 став 1 алинеја 11 и член 39 став 1 алинеја 4 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, и Одлуката бр.______ од __________, на 18-та седница одржана на 19.11.2014 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ја одобри:

# НАЦРТ-ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2015 ГОДИНА (НАЦРТ- ПРОГРАМА ЗА ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ И НАЦРТ-ФИНАНСИСКИ ПЛАН )

Во согласност и во рамките на овластувањата утврдени со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (“Службен весник на Република Македонија” бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14) и Деловникот на Агенцијата, работењето на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија, во текот на 2015 година, ќе биде насочено кон реализација на следниве активности:

## I. Надзор врз исполнувањето на обврските на издавачите на медиуми, операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање

### 1. Надзор врз радиодифузерите

● Програмски надзор според одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, врз основа на Годишен план за вршење програмски надзор и Методологија за вршење програмски надзор;

● Административен надзор според одредбите од Законот за медиуми, Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, врз основа на Годишен план за вршење административен надзор;

● Стручен надзор над исполнувањето на техничките, просторните и кадровски услови во согласност со барањето за добивање на дозвола за телевизиско или радио емитување.

*Рок за реализација: во текот на целата година*

### 2. Надзор врз издавачите на печатени медиуми

● Административен надзор според одредбите од Законот за медиуми за:

- обврската за заштита на малолетните лица;
- следење на исполнувањето на обврската на издавачите на печатен медиум да ги објават податоците за сопственичката структура;

- следење на исполнувањето на обврската на издавачите на печатен медиум за објавување импресум.

*Рок на реализација: во текот на целата година*

**3. Надзор врз исполнувањето на програмските и другите обврски на операторите на јавните електронски комуникациски мрежи и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање**

- програмски надзор врз работата на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање од аспект на почитувањето на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, врз основа на Годишниот план за вршење програмски надзор и Методологијата за вршење програмски надзор, издадените потврди за регистрација, како и подзаконските и другите акти донесени од Агенцијата;

- прибавување и проверка на документација за регулирање на авторските и сродните права за пакетите со реемитувани програмски сервиси на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и програмите на давателите на аудиовизуелни медиумски сервиси од аспект на почитувањето на Законот за авторското право и сродните права, во случај на индикации за прекршување на авторското право и сродните права;

- спроведување на надзор во случај на непочитување на законските одредби за титлување на реемитуваните странски програмски сервиси на македонски јазик, или на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија.

- следење на обврските за испорака на излезниот сигнал на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање.

*Рок за реализација: во текот на целата година*

**4. Надзор врз законските одредби во поглед на заштитата на плурализмот и разновидноста на радиодифузерите**

- следење на сопственичката структура на радиодифузерите од аспект на почитувањето на законските одредби поврзани со ограничувањата за стекнување сопственост и посебните забрани за стекнување на сопственост;

- следење на сопственичката структура на радиодифузерите од аспект на почитувањето на законските одредби поврзани со спречување на недозволената медиумска концентрација;

- поведување постапки за утврдување на недозволена медиумска концентрација по службена должност;

- следење на рекламните практики на радиодифузерите од аспект на унапредување и поттикнување на конкуренцијата и упатување предлози за покренување постапки до Комисијата за заштита на конкуренцијата.

*Рок за реализација: во текот на целата година*

**5. Преземање мерки за непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за медиуми, подзаконските акти и дозволите**

- изрекување опомени на издавачите на медиуми, давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање и на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи;

- спроведување постапки за порамнување согласно одредбите од Законот за прекршоците, за констатираните прекршувања на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и од Законот за медиуми;

- поднесување барања за поведување на прекршочна постапка против издавачите на медиуми, давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање или операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, во случај кога и покрај донесеното решение за опомена продолжуваат со вршење на истата повреда за која се опоменети, во текот на годината;

- одземање на дозволата за телевизиско или радио емитување на радиодифузерите, во случаите на непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Законот за медиуми, обврските од дозволата;

- бришење од регистарот/ите согласно одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Законот за медиуми.

- издавање решенија на операторите на јавни комуникациски мрежи за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмски сервиси и решенија за преземање на мерка-опомена за констатирани прекршувања на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за што Агенцијата ги известува Агенцијата за електронски комуникации и имателите на авторски и сродни права;

- издавање на опомени за затемнување на реемитуваните програмски сервиси заради заштита на ексклузивните права на радиодифузерите;

- покренување прекршочни постапки против операторите на јавни комуникациски мрежи во случаите на непочитување на законските одредби.

*Рок за реализација: во текот на целата година*

**6. Надзор врз обврските за плаќање надоместок и наплата на радиодифузната такса**

- пресметување и следење на обврската за плаќање на надоместокот за дозвола за телевизиско или радио емитување;
- следење на наплатата на радиодифузната такса;
- следење на обврската за плаќање на годишен надоместок за надзор на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање;
- следење на обврската за водење посебно сметководство за активностите поврзани со реемитувањето програмски сервиси и активностите поврзани со давањето на аудиовизуелни медиумски услуги по барање;

*Рок за реализација: во текот на целата година*

## II. Имплементација на Стратегијата за развој на радиодифузната дејност за периодот 2013 – 2017 година

- финализирање на истражувањата за степенот на медиумска писменост на граѓаните на Република Македонија (кај возрасна популација и кај деца) и објавување на резултатите;
- финализирање и спроведување на програма за промоција на медиумската писменост;
- финализирање на програма за развој на непрофитните радиодифузни установи;
- изработка на програма за обезбедување достапност до медиумите на лицата со
- сетилна попреченост.

*Рок за реализација: во текот на целата година*

## III. Усогласување на домашната регулатива

- донесување на преостанатите подзаконски и други акти во функција на операционализација на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;

*Рок за реализација: во текот на целата година*

## IV. Извештаи, истражувања и анализи

- истражување на ставовите и потребите на публиката за радио и телевизиските програми, од аспект на целите на регулаторната политика утврдени со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (едно годишно истражување);

- анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во 2014 година (една годишна анализа);

- анализа на структурата на вработените во радиодифузната индустрија според работни места, образование, пол и статус (една годишна анализа);

- анализа на структурата на вработените во радиодифузната индустрија според етничката припадност (една годишна анализа);

- анализа на поведените управни спорови против одлуките на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија (една годишна анализа).

- анализа на надзорот врз законските обврски на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање (една годишна анализа);

- анализа на родовите прашања во програмските концепти и содржини на средствата за јавно информирање (една годишна анализа);

*Рок за реализација: во текот на целата година*

- анализа на сите преземени мерки од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и најчести прекршувања од страна на издавачите на медиуми, давателот на аудиовизуелни медиумски услуги по барање и операторите на јавна електронска комуникациска мрежа (две полугодишни анализи);

- анализа на судските прекршочни постапки заради утврдување на ефективноста на изречените прекршочни санкции на поведените прекршочни постапки против радиодифузерите (две полугодишни анализи);

- извештај за следењето на сопственичката структура на радиодифузерите и на нивните обврски во поглед на транспарентноста на сопственоста и на изворите за финансирање (два полугодишни извештаи);

*Рок за реализација: во јуни и декември 2015 година*

- анализа на начинот на прикажување и претставување на жените и мажите во програмските концепти и содржини (една годишна анализа).

*Рок за реализација: втората половина на 2015 година*

## V. Дозволи за радио и телевизиско емитување и издавање потврди за регистрација во регистарот на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање

- издавање на новите дозволи за телевизиско или радио емитување на постојните радиодифузери, со цел нивно усогласување со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

*Рок за реализација: јануари 2015 година*

- доделување дозволи за радио емитување за програмски сервис на терестријално радио што се емитува преку ограничен ресурс (радиофреквенции или преносен капацитет на дигитален терестријален мултиплекс) по пат на јавен конкурс;

- доделување дозволи за телевизиско емитување за програмски сервис на терестријална телевизија што се емитува преку ограничен ресурс (преносен капацитет на дигитален терестријален мултиплекс) по пат на јавен конкурс;

- доделување дозволи за програмски сервис на радио или телевизија што се емитува преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс или преку сателит, без објавување на јавен конкурс;

- издавање потврди за регистрација во регистарот на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање.

*Рок за реализација: во текот на целата година*

## VI. Други активности на Агенцијата

- постапување по известувања на радиодифузерите за промена на сопственичката структура;

- водење регистар на печатени медиуми, на радиодифузери, оператори на јавни електронски комуникациски мрежи, даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање;

- мерење на гледаноста и слушаноста на програмите, односно програмските сервиси на радиодифузерите од Република Македонија;

- водење евиденција за секоја издадена, заменета или одземена службена легитимација, како и за задолжувањето односно раздолжувањето на овластените лица со службена легитимација за вршење на стручен надзор;

- утврдување предлози за ослободување од плаќање радиодифузна такса на обврзниците од одредени населени места што не се покриени со радиодифузен сигнал (член 136 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги);

- утврдување предлози за определување кои обврзници во населените места кои биле ослободени од плаќање на радиодифузната такса, ќе плаќаат радиодифузна такса поради обезбедено покривање со радиодифузни сигнали (член 136 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги);

- постапување по претставки согласно Законот за постапување по претставките и предлозите;

- имплементација на подзаконските акти за заштита на личните податоци;

- ажурирање на системот за електронски регистер на јавни комуникациски мрежи на Агенцијата за аудио и аудиовизелни медиумски услуги;

*Рок за реализација: во текот на целата година*

- водење евиденција и праќање известување за склучени договори за постапките за јавни набавки во тековната година;

*Рок за реализација: јули 2015 година*

- кампања за подигнување на свеста кај граѓаните за сексистички содржини во медиумите (обврска од Националната стратегија за родова еднаквост 2013-2020)

*Рок за реализација: втора половина на 2015 година*

## VII. Подигнување на институционалниот и административниот капацитет на Агенцијата

- програми и обуки за стручно усовршување на вработените во стручната служба (учество на семинари, работилници, трибини и меѓународни конференции; посети на други регулаторни тела со цел размена на искуства или информирање за конкретни теми и сл.);

- обезбедување на систем за пристап до сигналот на операторите на јавни комуникациски мрежи;

- активности за ИСО стандардизацијата (ISO 9001:2008).

*Рок за реализација: во текот на целата година*

## VIII. Соработка со домашни регулаторни тела, надлежни институции и асоцијации

- соработка со Министерството за информатичко општество и администрација, Агенцијата за електронски комуникации, Комисијата за заштита на конкуренцијата, Државната комисија за спречување на корупција, Дирекцијата за заштита на лични податоци, Државната изборна комисија, Централниот регистар на Република Македонија, телото надлежно за заштита на авторското и сродните права и други државни тела, органи на државната управа, јавни претпријатија, единици на локална самоуправа, јавни установи и институции од Република Македонија;

- соработка со Државниот пазарен инспекторат, телото надлежно за заштита на авторските и сродните права и други надлежни органи и тела со цел да се обезбеди правна заштита на услугите кои се засноваат или опфаќаат условен пристап, како и во спречувањето на можноста за употреба на недозволени направи кои овозможуваат пристап до услугите со условен пристап согласно со закон;

- соработка со Државниот инспекторат за труд во врска со прашања поврзани со правата и обврските кои произлегуваат од работниот однос;

- соработка со индивидуални застапници – агенти и со колективно здружение за управување со авторските и сродните права регистрирано во Република Македонија;

- соработка со асоцијациите на трговските радиодифузни друштва и на јавните електронски комуникациски мрежи, невладините организации од областа на медиумите, новинарските здруженија, Организацијата на потрошувачите, и други организации, по прашања од заеднички интерес за развој на радиодифузната дејност и за остварување на интересите на граѓаните во сферата на информирањето и радиодифузијата;

- соработка со институциите, со кои Агенцијата има потпишано Меморандум за соработка;

- потпишување меморандуми/протоколи за соработка со други институции, органи и организации, по прашања што се од заеднички интерес за вршењето на работите од нивната надлежност.

*Рок за реализација: во текот на целата година*

## IX. Меѓународна и европска соработка

- учество во работата на асоцијациите на регулаторни тела од аудиовизуелната област - Европската платформа на регулаторни тела (EPRA), Групата на европски регулатори за аудиовизуелни медиумски услуги (ERGA), Медитеранската мрежа на регулаторни тела (MNRA), остварување соработка со регулаторните тела во Европа, во регионот, како и билатерална соработка;

- соработка со ЕБУ;

- соработка со странски организации, институции, асоцијации во однос на прашања што се однесуваат на радиодифузерите, давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање и операторите на јавни електронски комуникациски мрежи;

- соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Претставникот за слобода на медиумите на ОБСЕ, со ОБСЕ-ОДИХР и со други тела, чијашто активност е поврзана со различни активности од аспект на работењето на давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, заштитата на слободата на медиумите и следењето на медиумското претставување за време на изборна кампања;

- учество во изработката на Националниот извештај на Република Македонија по Универзалниот периодичен преглед на Советот за човекови права на Обединетите нации.

*Рок за реализација: во текот на целата година*

## X. Евро-интеграции

- учество во работната група за Националната програма за усвојување на европското законодавство (НПАА) и редовно известување за напредокот што го постигнува Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во однос на евро-интеграциските процеси;

- имплементација на проектот IPA TAIB 2009 „Зајакнување на административните капацитети на регулаторните тела за медиуми и телекомуникации за ефикасно регулирање на новите дигитални и повеќенаменски услуги“ - координација, следење на активностите предвидени со проектот и известување за нивната реализација во соработка со Агенцијата за електронски комуникации, Министерство за финансии – Сектор за централно и финансирање и склучување договори и Делегацијата на ЕУ во Скопје;

- имплементација на проектот IPA TAIB 2011 "Слобода на изразување – поддршка на медиумски реформи" – координација, следење на активности предвидени со проектот и известување за нивната реализација во соработка со Комисијата за заштита на конкуренција, Здружението на новинари и Јавниот радиодифузен сервис;

- активности за реализација на главните приоритети од Партнерството за пристапување во ЕУ и учество во подготовката на Придонесот кон извештајот за напредокот на Република Македонија во процесот на пристапување во ЕУ;

- учество во работата на Комитетот за стабилизација и асоцијација: Поткомитетот за иновации, информациско општество и социјална политика во делот на информатичко општество и медиуми и во работата на Поткомитетот за правда, слобода и безбедност во делот на фундаментални права – граѓански и политички права;

- учество во работата на Работниот комитет за интеграција на Република Македонија во НАТО и во Работниот Комитет за европска интеграција за НПАА

*Рок за реализација: во текот на целата година*

## XI. Транспарентност и јавност во работењето на Агенцијата

- организирање јавни состаноци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија (еднаш на секои три месеци) со присуство на сите заинтересирани субјекти;

- активности што произлегуваат од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер (ажурирање на листата на информации од јавен карактер, одговор на поднесени барања, годишен извештај за спроведување на Законот и др.);

- редовно и навремено информирање на јавноста за работата на Агенцијата преку јавни состаноци, прес - конференции, соопштенија за медиумите, интервјуа, изјави и преку веб страницата на Агенцијата;

- ажурирање на веб страницата на Агенцијата на македонски, албански и англиски јазик (објавување на: дневен ред на седници, хроники, одлуки и други акти донесени од седници, потврди за регистрирани пакети на оператори на јавни електронски комуникациски мрежи, изречени мерки на издавачи на медиуми, даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање или оператори на јавни комуникациски мрежи, конкурси за објавување на дозволи за телевизиско или радио емитување, јавни расправи за подзаконски акти и годишна програма за работа на агенцијата како и добиени ставови и мислења итн.);

- следење на известувањето на медиумите за активности и случувања од областа на аудиовизуелната политика, слободата на медиумите и информациското општество.

- печатење публикации.

*Рок за реализација: во текот на целата година*

**Бр. _______**
**_______2014 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**________________________**
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТИ И ВРЕМЕНСКА РАМКА ОД ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ЗА 2015 ГОДИНА (НАЦРТ)**

| **Бр.** | **Активности** | **Носител/и** | **Период на реализација** |
|---|---|---|---|

**I. Надзор врз исполнувањето на обврските на издавачите на медиуми, операторите на јавните електронски комуникациски мрежи и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1.1 | Надзор врз радиодифузерите | Сектор за програмски работи.<br>Сектор за истражување и долгорочен развој.<br>Сектор за технологии и информатика. | во текот на целата година |
| 1.2 | Надзор врз издавачите на печатени медиуми | Сектор за истражување и долгорочен развој. | во текот на целата година |
| 1.3 | Надзор врз исполнувањето на програмските и другите обврски на операторите на јавните електронски комуникациски мрежи и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање | Секторот за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права.<br>Сектор за економско-финансиски работи. | во текот на целата година |
| 1.4 | Надзор врз законските одредби во поглед на заштитата на плурализмот и разновидноста на радиодифузерите | Сектор за истражување и долгорочен развој. | во текот на целата година |
| 1.5 | Преземање мерки спрема издавачите на медиуми, давателите на аудиовизуелни услуги по барање и операторите на јавни електронски комуникациски мрежи кои вршат реемитување на програмски сервиси | Сектор за правни работи.<br>Секторот за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права. | во текот на целата година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1.6 | Надзор врз обврските за плаќање надоместок и наплата на радиодифузната такса | Сектор за економско-финансиски работи | во текот на целата година |

**II. Имплементација на Стратегијата за развој на радиодифузната дејност за периодот 2013 – 2017 година**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2.1 | Активности поврзани со Имплементација на Стратегијата за развој на радиодифузната дејност за периодот 2013 – 2017 година | Сите сектори во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | во текот на целата година |

**III. Усогласување на домашната регулатива**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 3.1 | Донесување подзаконски и други акти во функција на операционализација на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. | Сите сектори во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | во роковите пропишани со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. |

**IV. Извештаи, истражувања и анализи**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4.1 | Подготовка на извештаи, истражувања и анализи | Сите сектори во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | во текот на целата година |

**V. Дозволи за радио и телевизиско емитување и издавање потврди за регистрација во регистарот на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 5.1 | Издавање на новите дозволи за телевизиско или радио емитување на постојните радиодифузери, со цел нивно усогласување со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Сектор за правни работи.<br>Сектор за програмски работи.<br>Сектор за за истражување и долгорочен развој.<br>Сектор за економско-финансиски работи | во рок од 90 дена од денот на изборот на директор на Агенцијата |
| 5.2 | Активности поврзани со доделување дозволи за нови програмски сервиси | Сите сектори во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | во текот на целата година |

**VI. Други активности на Агенцијата**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6.1 | Постапување по известувања на радиодифузерите за промена на сопственичката структура. | Сектор за истражување и долгорочен развој. | во текот на целата година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6.2 | Водење регистар на печатени медиуми, на радиодифузери, оператори на јавни електронски комуникациски мрежи, даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање | Сектор за правни работи.<br>Сектор за за истражување и долгорочен развој.<br>Сектор за меѓународна и европска соработка и односи со јавност | во текот на целата година |
| 6.3 | Мерење на гледаноста и слушаноста на програмите, односно програмските сервиси на радиодифузерите од Република Македонија | Сектор за истражување и долгорочен развој | во текот на целата година |
| 6.4 | Водење евиденција за секоја издадена, заменета или одземена службена легитимација, како и за задолжувањето односно раздолжувањето на овластените лица со службена легитимација за вршење на стручен надзор | Сектор за правни работи | во текот на целата година |
| 6.5 | Утврдување предлози за ослободување од плаќање радиодифузна такса на обврзниците од одредени населени места што не се покриени со радиодифузен сигнал (член 136 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија) | Сектор за правни работи.<br>Сектор за технологии и информатика. | во текот на целата година |
| 6.6 | Утврдување предлози за ослободување од плаќање радиодифузна такса на обврзниците од одредени населени места што не се покриени со радиодифузен сигнал (член 136 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги); | Сектор за правни работи.<br>Сектор за технологии и информатика. | во текот на целата година |
| 6.7 | Постапување по претставки согласно Законот за постапување по претставките и предлозите | Сектор за правни работи во соработка со останите сектори во Агенцијата. | во текот на целата година |
| 6.8 | Имплементација на подзаконските акти за заштита на личните податоци | Сектор за правни работи | во текот на целата година |
| 6.9 | Ажурирање на системот за електронски регистер на јавни комуникациски мрежи на Агенцијата | Секторот за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права. | во текот на целата година |
| 6.10 | Водење евиденција и праќање известување за склучени договори за постапките за јавни набавки во тековната година | Сектор за правни работи | јули 2015 година |
| 6.11 | Кампања за подигнување на свеста кај граѓаните за сексистички содржини во медиумите (обврска од Националната стратегија за родова еднаквост 2013-2020 | Сектор за програмски работи | втора половина на 2015 година |

**VII. Подигнување на институционалниот и административниот капацитет на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7.1 | Активности за подигнување на институционалниот и административниот капацитет на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Сите сектори во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | во текот на целата година |

**VIII. Соработка со домашни регулаторни тела, надлежни институции и асоцијации**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 8.1 | Активности за соработка со домашни регулаторни тела, надлежни институции и асоцијации | Сите сектори во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | во текот на целата година |

**IX. Меѓународна и европска соработка**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 9.1 | Активности поврзани со меѓународна и европска соработка | Сектор за меѓународна и европска соработка и односи со јавност | во текот на целата година |

**X. Евро-интеграции**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 10.1 | Активности поврзани со Евро-интеграции | Сектор за меѓународна и европска соработка и односи со јавност | во текот на целата година |

**XI. Транспарентност и јавност во работењето на Агенцијата**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 11.1 | Активности за одржување на јавни состаноци, редовно и навремено информирање на јавноста, слободен пристап до информациит од јавен карактер | Сектор за меѓународна и европска соработка и односи со јавност.<br>Секретаријат на Агенцијата. | во текот на целата година |

**НАЦРТ**

ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ЗА 2015 ГОДИНА

## А ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ

| Подставка | Расходи | **Планирани средства** |
|---|---|---|
| | Вкупно расходи | **212.800.000,00** |
| **400** | Потрошени материјали | **1.261.540,00** |
| 400002 | Ситен инвентар во употреба | 100.000,00 |
| 400003 | Униформи,обувки,облека | 60.000,00 |
| 400100 | Потрошено гориво,мазиво и сл. | 450.000,00 |
| 400300 | Потрошени канцелариски материјали | 268.000,00 |
| 400500 | Потрошени матер.за лична хигиена, вода и сл. | 261.540,00 |
| 400700 | Потрошени други материјали и суровини | 50.000,00 |
| 400900 | Потрошени резервни делови | 72.000,00 |
| **401** | Потрошена енергија | **4.060.000,00** |
| 401000 | Потрошена електрична енергија | 2.060.000,00 |
| 401100 | Потрошена топлинска енергија | 2.000.000,00 |
| **402** | Инвестиционо одржување на средствата | **1.860.200,00** |
| 402010 | Поправки изврш. на добрата,сервис,монтажа-леки коли | 443.000,00 |
| 402020 | Поправки изврш. на добрата,сервис,монтажа-мебел | 5.000,00 |
| 402030 | Поправки изврш. на добрата,сервис,монтажа-хардвер и софтвер | 726.800,00 |
| 402040 | Поправки изврш. на добрата,сервис,монтажа-опрема | 635.400,00 |
| 402050 | Поправка одржување на градежни објекти | 50.000,00 |
| **403** | Други услуги | **472.000,00** |
| 403400 | Печатарски услуги | 472.000,00 |
| **404** | Превозни транспортни услуги | **2.210.000,00** |
| 404500 | Поштарина (писма,печ.материјал,пакети и сл.) | 400.000,00 |
| 404600 | Телефонски давачки,давачки за тел. и слично | 1.800.000,00 |
| 404900 | Други давачки за превозни услуги | 10.000,00 |
| **405** | Издатоци за реклама,пропаганда и репрезентација | **750.000,00** |
| 405000 | Издатоци за репрезентација | 750.000,00 |
| **408** | Наемнини | **3.454.000,00** |
| 408000 | Наемнина за користење градежни објекти | 3.400.000,00 |
| 408100 | Наемнина за користење опрема | 24.000,00 |
| 408500 | Останати видови наемнини | 30.000,00 |
| **409** | Други материјални расходи | **445.000,00** |
| 409000 | Судски и административни такси | 120.000,00 |
| 409100 | Издатоци за стручна литература | 220.000,00 |
| 409200 | Расходи за учество на семинар,советување и сл, | 80.000,00 |
| 409300 | Расходи за регистрација на моторни возила | 25.000,00 |
| **410** | Провизија за платен промет | **95.000,00** |
| 410100 | Провизија за платен промет | 70.000,00 |
| 410200 | Банкарска провизија | 25.000,00 |
| **412** | Премии за осигурување | **260.000,00** |
| 412100 | Премии за осигурување недвижности и права | 180.000,00 |
| 412200 | Премии за осигурување на моторни возила | 80.000,00 |
| **413** | Дневници за службени патувања и патни трошоци | **1.310.000,00** |
| 413000 | Дневница за службени патувања во земјата | 65.000,00 |
| 413100 | Дневница за службени патувања во странство | 200.000,00 |
| 413200 | Надомест за трошоци за превоз за сл.пат во земј. | 40.000,00 |
| 413300 | Надомест за трошоци за превоз за сл.пат во странство | 550.000,00 |
| 413400 | Надомест за трошоци за ноќевање на сл.пат во земј. | 75.000,00 |
| 413500 | Надомест за трошоци за ноќевање на сл.пат во станство | 350.000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 413720 | Др.надом.во врска со служ.пат. во странство | 30.000,00 |
